The Institute of Internal Auditors North Macedonia

**СТАТУТ НА**
**ЗДРУЖЕНИЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

***Општи одредби***

Член 1

Со овој статут се утврдува стуктурата, управувањето и работењето на Друштвото со непрофитна цел “Здружение на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија” (во понатамошниот текст: “Здружение”).

Здружението е правно лице и својата дејност ја извршува на територијата на Република Северна Македонија како единствена професионална организација од областа на внатрешната ревизија.

Здружението е независна, доброволна и професионална организација која ги обединува лицата кои работат или имаат интерес во областа на внатрешната ревизија како од јавниот така и од приватниот сектор.

Здружението е самостојна професионална организација во која се зачленуваат лица независно на својата национална, верска, расна и друга припадност.

Здружението ги штити интересите на своите на членови и работи на унапредување на професијата внатрешен ревизор во Република Македонија.

Здружението:

- ќе обезбедуваи дека неговите стратегии не се во спротивност да се во согласност со глобалниот стратешки план на Меѓународниот Институт за внатрешни ревизори.

-_ ќе ја промовира Рамката за меѓународните професионални практики.

- ќе ги промовира и поддржшува јавната свест и почитувањето на Рамката за меѓународните професионални практики од страна на членовите на Здружението

### ***Име и седиште***

Член 2

Здружението својата дејност ~~ќе~~ ја извршува под името: “Здружение на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија”. Скратениот назив на Здружението е: “ЗВРРСМ”.

Англискиот назив на Здружението е: “_Institute of Internal Auditors ~~Republic of~~ North Macedonia”. Скратениот назив на англиски јазик е: “IIA-~~ Republic of~~ North -Macedonia”.

Седиштето на Здружението е во Скопје на ул. 11 Октомври 52А/1-3, 1000 Скопје. Секој писмен документ издаден од Здружението го содржи симболот, името, седиштето, телефонскиот број и е-маил адресата на Здружението.

### ***Печат и штембил***

Член 3

Печатот на Здружението е во форма на круг и го содржи следниот текст напишан на кирилица: ЗВРРСМ - во средината на кругот, опкружен со текстот: ЗДРУЖЕНИЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

Штембилот на Здружението е во правоаголна форма и го содржи следниот текст напишан на кирилица: ЗДРУЖЕНИЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, празен простор за број на актот и датум, а во последниот ред стои: Скопје.

### ***Цели и задачи***

Член 4

Основни цели и задачи на Здружението се:

1. Унапредување на внатрешната ревизија во Република ~~-~~ С~~.~~еверна -Македонија;
2. Зголемување на знаењето и професионализмот на членовите;
3. Заштита на интересите на членовите;
4. Создавање на професионално единство и взаемно помагање на членовите;

5. Подигнување на повисоко ниво на професијата внатрешен ревизор;
6. Проучување на нови методи, техники и инструменти за извршување на внатрешната ревизија.
7. Организирање континуирано професионално усовршување

Здружението ги остварува своите цели согласно позитивните законски прописи во Републиka Северна ~~С~~ Македонија, Правилникот и етичкиот кодекс на Институтот за внатрешни ревизори (~~Тхе ИИА~~The IIA), Статутот на Здружението и решенијата и актите на неговите органи.

***Дејност***

Член 5

Здружението својата дејност ја извршува во корист на своите членови.

***Предмет на работа***

Член 6

Предмет на работа на Здружението е:

1) ~~1.~~ Организирање на форуми, обуки, семинари, конференции, симпозиуми и други форми во областа на внатрешната ревизија, финансиската контрола, економијата, правото, финансиите и друго;
2) ~~2.~~ Укажување на економска, правна, научно-техничка и секаква друга помош на своите членови;
3) Водење на регистар на членови;
4) ~~3.~~ Обезбедување заштита на интересите на своите членови преку сите легални средства кои органите на Здружението ќе ги утврдат;
5) ~~4.~~ Извршување на консултантска дејност;
6) ~~5.~~ Помагање и соработка со државните органи и невладини организации кои работат во областа на внатрешната ревизија и финансиската контрола и имаат исти или слични цели и задачи како Здружението;

7) ~~6.~~ Изготвување и предлагање на научни трудови, методи, техники и инструменти за подобрување на квалитетот на внатрешната ревизија во Република Северна Македонија;
8) ~~7.~~ Подготвување и издавање на публикации, статии, прирачници, коментари и слични форми од областа на внатрешната ревизија и финансиската контрола;
9) ~~8.~~ Взаемна соработка со слични организации на регионално и глобално ниво, како и учество во хармонизирањето на професијата во глобални рамки;
10) ~~9.~~ Секоја друга дејност извршувана според правилата и условите на овој Статут и решенијата и актите на органите на Здружението, која не е забранета со Закон.

***Рок***

Член 7

Здружението не е ограничено со рок на постоење.

***Членство во Здружението***

Член 8

Членови на Здружението можат да бидат сите работоспособни физички лица, кои сакаат да придонесат за постигнување на целите на Здружението и плаќаат годишна членарина~~.~~

Во Здружението не можат да членуваат лица на кои им е забрането да извршуваат ревизија на било кој начин, лица кои имаат забрана за вршење на административна дејност, лица осудени за посериозна повреда на законската регулатива, лица кои со своето однесување и постапки го рушат угледот, репутацијата и авторитетот на професијата, на Здружението и на неговите членови, како и лица кои работат спротивно на целите на Здружението.

Видови на членство на Здружението:

a) **Професионален член**~~:~~ - Може да бидат лица кои работат во доменот на ревизија, финансии, усогласеност или.
b) **Придружни членови** - други лица кои не се директно вклучени во внатрешната ревизија, но се заинтересирани за нејзиниот развој, како што се членовите на

одборот за ревизија, надворешните ревизори, извршните директори и други лица задолжени за управување со ризик и процесите на корпоративно управување, како и консултанти – кои нудат услуги во полињата наведени погоре.

c) **Членови предавачи** - поединци вработени како предавачи на колеџи и факултети.

d) **Почесни членови** - на Здружението се прогласуваат лицата кои дале особен придонес во развојот на теоријата и практиката на внатрешната ревизија. Управниот одбор прогласува почесни членови на Здружението.

e) **Член студент**~~:~~ - Поединци кои се во моментот запишани на редовни студии и тоа додипломски, пост дипломски или докторски студии. Членството како студент е лимитирано на 5 години. Лице може да биде член од оваа категорија доколку не ги исполнува условите од претходно наведените~~ите~~ ~~две~~ категории~~ (професионалец или почесен)~~. ~~Членарината за член студент е со 50% попуст во однос на редовната цена на членарината, 1250 денари". ~~Членот студент, нема право на глас во Собранието на Здружението на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија, Скопје.

f) **Пензионирани членови** – лица кои се пензионирале од активно вработување, но биле вклучени во задачи за внатрешна ревизија или активности поврзани со задачите на внатрешната ревизија и сè уште се заинтересирани за нејзиниот развој.

Посебните права и обврски на различните категории на членство се дефинирани во посебен Правилник одобрен од страна на Собранието, а во согласност со Статутот. ~~и Законот за Здруженија и Фондации.~~

Посебни попусти за групно членство се дефинираат подетално од страна на Управниот одбор за над пет членови од иста организација. ~~а во рамките на одобрениот од страна на Собранието члеанарина како и одобренитот годишен буџет на Здружението.~~

Членувањето во Здружението е доброволно и не ги ограничува членовите да членуваат и во други здруженија, организации и групи.

Зачленување се врши врз основа на писмена изјава на кандидатот до одговорните за членство во која тој изјавува дека е запознат и ги прифаќа одредбите на овој Статут и со подмирување на обврската за членарина~~.~~Писмената изјава може да се пополни и во форма на електронска пријава на веб страната https://aiam.org.mk/chlenstvo/elektronska-prijava-chlenstvo/.

На членовите на Здружението им се издава сертификат за членство по образец утврден од Управниот одбор секоја година во електронска форма, а по потреба врз база на индивуално барање од членовите и во хартиена форма.

Членовите на Здружението се и членови на Собранието на Здружението.

### ***Права на членовите***

Член 9

Членовите на Здружението имаат право:

1) ~~1.~~ На еден глас во Собранието на Здружението, согласно различните категории на членство;
2) ~~2.~~ Да бидат избрани во органите на управување ~~со~~ на Здружението
3) ~~3.~~ Да бидат информирани за неговото работење најмалку на годишна основа;
4) ~~4.~~ Да ги користат активностите на Здружението за своја професионална надградба и усовршување;
5) ~~5.~~ Да ги користат резултатите од работењето на Здружението;
6) ~~6.~~ Да ја користат материјално-техничката база на Здружението.

### ***Обврски на членовите***

Член 10

Членовите на Здружението имаат обврска:

1) ~~1.~~ Да се придржуваат кон одредбите на овој Статут, ~~Правилникот за начинот на вршење на работите на внатрешна ревизија ("Службен весник на РМ", бр. 72/03136/2010),~~ Етичкиот кодекс на меѓународниот Институт на внатрешните ревизори (~~Тхе ИИА~~The IIA) и да ги почитуваат решенијата на органите на Здружението;
2) ~~2.~~ Да работат на зголемување на авторитетот на Здружението, подобрување на угледот на професијата и да не извршуваат дејствија, кои противречат на целите или го нарушуваат угледот, репутацијата и авторитетот на професијата, на Здружението и на неговите членови;
3) ~~3.~~ Да плаќаат редовно членарина;
4) ~~4.~~ Активно да учествуваат во активностите на Здружението.

***Престанок на членство***

Член 11

Членувањето во Здружението се прекинува со:

1) ~~1.~~ Писмена изјава на членот до Управниот одбор во која тој ја изразува својата слободно оформена волја;
2) ~~2.~~ Неплаќање на членарината до крајниот датум за плаќање утврден од Управниот одбор;
3) ~~3.~~ Смрт на членот;
4) ~~4.~~ Непочитување на одредбите од овој Статут;
5) ~~5.~~ Исклучување од Здружението.

Членовите немаат право на рефундирање на членарината за останатиот дел од годината во случај на прекин на нивното членство.

Член 12

Исклучување од Здружението се применува како крајна мерка против членот кој грубо го прекршил Статутот, систематски дејствува против целите на Здружението, сериозно го нарушил угледот, репутацијата и авторитетот на професијата, на Здружението и на неговите членови и во случај кога извршил противзаконски дејствија.
Решенијата за исклучување ги носи Управниот одбор.

Решенијата за исклучување подлежат на жалба до Собранието на Здружението, кое ја носи конечната одлука за исклучување.

***Органи на управување***

Член 13

Органи на управување со Здружението се:

- Собрание;
- Управен одбор;

•        Претседател – застапник на Здружението

***Собрание***

Член 14

Врховен орган на управување со Здружението е Собранието на Здружението.
Собранието се состои од членовите на Здружението.

Еден член има право на еден глас, а може да претставува најмногу до три други члена врз основа на полномошно, кое треба членот да го достави до ~~Претседавачот на Собранието~~Номинационата комисија.

Собранието:

1) ~~1.~~ Го донесува, изменува и дополнува Статутот на Здружението;
2) ~~2.~~ Го донесува Етичкиот кодекс и други внатрешни акти;
3) ~~3.~~ Ги избира и отповикува членовите на Управниот одбор;
4) ~~4.~~ Го усвојува планот за работата на Управниот одбор и соодветниот акциски план;
5) ~~5.~~ Ги усвојува извештаите за работа на комисиите, како составен дел на извештаите на Управниот одбор;
~~1)~~ ~~6.~~ Ги усвојува годишниот извештај ~~ите~~ за работењето~~ата~~ на ~~Управниот одбор~~Здружението;
6)
~~7. Ги усвојува извештаите за работата на Претседателот на Управниот одбор;~~
7) ~~8.~~ Ги усвојува годишните извештаи за работата на комисиите; ~~и~~ ;~~УО~~
8) ~~9.~~ Ја усвојува годишната сметка, финансиските извештаи на Здружението и ревизорскиот извештај
~~Го усвојува планот за работа на Претседателот на Управниот одбор;~~
~~10. Се произнесува по жалби на решенијата на Управниот одбор за исклучување на членовите;~~
9) ~~11.~~ Одлучува за учество на Здружението во други организации;
10) ~~12.~~ Донесува стратешки план и програма за работа на Здружението;

11) ~~13.~~ Го донесува буџетот на Здружението;
12) ~~14.~~ Ги поништува~~и~~ и враќа~~ти~~ во повторна постапка решенијата на другите органи на Здружението кои противречат на законот, Статутот или на другите внатрешни акти;
13) ~~15.~~ Ја утврдува висината на членарината;
14) ~~16.~~ Донесува решенија по сите други прашања кои се во негова надлежност според законот и овој Статут;

Член 15

Претседателот на Управниот одбор,~~ или~~ заменик Претседателот или во нивна замена било кој член на Управниот Одбор го свикува Собранието и претседава со него, задолжително ~~еднаш~~ два пати годишно (годишно собрание), едно Собрание во Декември и второто~~-~~најдоцна до 31 мај секоја финансиска година за претходната година~~а може да го свика и по потреба~~.

Вонредна седница на Собранието се свикува по потреба, врз основа на:
1) одлука на Управниот одбор,
2) писмено барање од најмалку една третина од вкупниот број на членови на Здружението. Членовите -подносители на барањето, заедно со барањето доставуваа~~т~~ предлог дневен ред по писмен пат до Управниот одбор, најмалку 30 дена пред одржување на Собранието. Управниот одбор е должен во рок од 30 дена од примање на барањето да свика седница.
3) предлог на најмалку една третина од членовите на Управниот одбор

~~Собранието може да биде свикано и по барање на една третина од членовите, со писмено барање до Управниот одбор во кое ќе стои предлог дневниот ред. Управниот одбор е должен во рок од 30 дена од примање на барањето да свика седница.~~Ако Претседателот не ја свика седницата во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно поднесувањето на барањето на членовите на Здружението, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор определен од овој орган, односно членовите на Собранието кои го поднеле барањето.

Временскиот рок од датумот на испраќање на поканите до датумот на одржување на Собранието не смее да биде пократок од 10 календарски денови, ниту подолг од 40 календарски денови.

Поканата за свикување треба да го содржи предлог дневниот ред, датумот, часот и местото на одржување. Поканата се испраќа по пошта или по електронска пошта до членовите.

Кворумот за работа на Собранието се обезбедува со присуство на 50% од вкупниот број на членови плус еден член. Доколку не се обезбеди бараниот кворум седницата може да се одложи за половина час подоцна на истото место и со истиот дневен ред. Доколку и тогаш не се обезбеди потребниот кворум Собранието може да се одржи и без разлика на тоа колку членови ќе присуствуваат освен за распуштање на Здружението. Одлуките се носат со мнозинство гласови од 50% плус еден глас од присутните членови со право на глас со јавно гласање. Собранието може да одлучи за определени прашања гласањето да е тајно.

За секоја седница на Собранието се води записник од страна на лице одредено од Управниот одбор, а него го потпишува и одговара за неговата точност Претседавачот со Собранието. Записникот заедно со списокот на присутни членови се заведува во евиденцијата на Здружението.

Собранието може да биде свикано и да биде одржано он-лине (без физичко присуство на членовите) со користење на аудио и визуелна комуникациска опрема и алатки, при што сите лица кои учествуваат на така организирана седница да можат да се слушаат, гледаат и да разговараат еден со друг. Како присутни на ваквите седници се сметаат лицата кои се вклучени на овој начин.

***Управен одбор***

Член 16

Управниот одбор е извршен орган на Здружението.

Управниот одбор брои максимум девет лица, членови на Здружението. Членови на Управен Одбор може да бидат лица кои работат во доменот на финансии, сметководство и ревизија и имаат најмалку 3 години претходно искуство во внатрешната ревизија, или пак искуство како ревизори на информатички системи. Најмалку пет од членовите на Управниот одбор треба да бидат вработени како внатрешни ревизори. Управниот Одбор може да донесе одлука за непополнување или пополнување на максималниот број на членови во Управниот Одбор. Во случаи на парен број на гласови од страна на членовите на Управниот Одбор, Претседателот ја донесува конечната одлука.

Управниот одбор од своите членови избира Претседател кој вооедно е и застапник на Здружението кој своите права и обврски ги врши во согласност со закон, статут и акти на здружението. Застапник на здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија во согласност со закон. Управниот одбор избира и заменик Претседател.

Изборот на член во У~~у~~правен одбор го организира и води Номинациона комисија која е назначена од Управниот одбор и која се состои од најмалку 3 а најверќе 5 члена. Лице кое е кандидат за член на Управен о~~О~~дбор не може да биде член и на Номинационата комисија.

Условите за номинација како и начинот на избор на кандидати и начинот на гласање ги дефинира, во согласност со Статутот, Номинационата комисија пред започнување на процесот на избор/реизбор и истите ќе бидат јавно достапни најмалку 10 дена пред почеток на Собранието на кое се гласа за нов/промена на член.

Со Номинационата комисија заседава Претседател на Номинациона комисија кој се избира од членовите на Номинационата к~~К~~омисија, кој го води процесот на избор на членови на Управен одбор. Во негово отсуство најстариот член по возраст е овластен да ги врши функциите на Претседател на Комисијата.

Управниот одбор се избира за период од четири години. Членовите на Управниот одбор имаат право на повторен избор.

Управниот одбор ги има следните надлежности:

1) ~~1.~~ Го претставува Здружението;
2) ~~2.~~ Го организира извршувањето на дејноста на Здружението;
3) ~~3.~~ Донесува правила за работа на Здружението;
4) ~~4.~~ Управува со имотот на Здружението во согласност со законот и овој Статут;
5) ~~5.~~ Подготвува и доставува до Собранието предлог буџет (финансиски план);
6) ~~6.~~ Подготвува и доставува до Собранието годишен извештај за работењето~~ата~~ на Здружението;
7) ~~7.~~ Ги извршува решенијата на Собранието на Здружението;
8) ~~8.~~ Донесува решенија по сите други прашања, освен оние кои се во надлежност на Собранието на Здружението;
9) ~~9.~~ Подготвува и доставува до Собранието годишен план за работа и тригодишен стратешки ~~акциски~~ план на активности;
10) ~~10. Подготвува и доставува до Собранието, односно до членовите квартални извештаји и годишен извештај за работата на Управниот одбор;~~Ги именува членовите и претседателите на комисиите на Здружението
11) Предлага измени и дополнувања на Статутот до Собранието

Претседателот на Управниот одбор подготвува посебен план за работа кој мора да биде во согласност со целите и Статутот на Здружението. Планот за работа треба да биде одобрен од Управниот одбор и Собранието.

Претседателот е должен да свика седница на Управниот одбор и на писмено барање од најмалку една третина од членовите на Управниот одбор. Доколку Претседателот не свика

седница во рок од 7 календарски дена од денот на примање на писменото барање, седница може да свика секој еден заинтересиран член на Управниот одбор.

Управниот одбор се состанува по потреба, но најмалку ~~шест~~четири пати годишно. Во случаи на итност на одлуки или неможност за средба лице во лице, одлуките на Управниот одбор може да бидат донесени и по електронски пат.

За записниците од седниците на Управниот одбор се применуваат одредбите на член 15 став 6 од овој Статут~~.~~

Член 17

Со седниците на Управниот одбор претседава Претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство заменик претседателот на Управниот одбор или членот кој ја свикал седницата.

Актите на Управниот одбор се носат со мнозинство гласови од присутните. Во случај на парен број на гласови Претседателот ја носи конечната одлука.

Член 18

Одлуките, решенијата и другите акти на Управниот одбор можат да бидат оспорени од секој член на Собранието доколку тие не се во согласност со законот или одредбите на овој Статут.

Оспорувањето на одлуките, решенијата и другите акти на Управниот одбор се врши во рок од 30 календарски дена од датумот на нивното донесување од страна на Управниот одбор. Управниот одбор има обврска да ги разгледа оспорувањата и да ги извести членовите за своите одлуки на Собрание~~.~~

Член 19

Членовите на Управниот одбор сносат колективна и солидарна одговорност за дејствијата и активностите на Управниот одбор.

***Претседател – застапник на Здружението***

Член 20

Претседателот на Управниот одбор го избира Управниот Одбор од редот на членовите на Управниот одбор, со право на повторен избор.

Претседателот на Управниот одбор истовремено е Претседател на Здружението и претседател на Собранието на Здружението.

Претседателот на Здружението е одговорен за законитоста на работењето на Здружението.

Должностите на претседателот се следните:

1) Го утврдува времето, местото и дневниот ред на секој состанок на Управниот одбор и на Собранието на Здружението;
2) Претседава со состаноците на Управниот одбор и со седниците на Собранието на Здружението;
3) Во име на Управниот одбор ги поднесува годишниот извештај, за работа и финансискиот план до Собранието;
4) Го претставува и застапува Здружението пред јавноста, печатот и владините тела;
5) Потпишува договори во рамките на надлежностите утврдени од страна на Собранието;
6) Се грижи за извршување на одлуките и заклучоците донесени од органите на Здружението;
7) Во отсуство на претседател на комисија, ги свикува седниците на комисиите, со кои претседава членот на комисијата кој ќе биде избран со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

Ако претседателот на Здружението од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, него го заменува заменик-претседателот на Здружението.
~~Претседателот на Управниот одбор доставува квартални и годишен извештај за работењето до Управниот одбор и Собранието.Седниците на Управниот одбор ги свикува Претседателот на Управниот одбор, Заменик претседателот или Генералниот Секретар во негово име. Претседателот е должен да свика седница на Управниот одбор и на писмено барање од најмалку една третина од членовите на Управниот одбор. Доколку Претседателот не свика седница во рок од 7 календарски дена од денот на примање на писменото барање, седница може да свика секој еден заинтересиран член на Управниот одбор.~~

Управниот одбор се состанува по потреба, но најмалку шест пати годишно. Во случаи на итност на одлуки или неможност за средба лице во лице, одлуките на Управниот одбор може да бидат донесени и по електронски пат.

За записниците од седниците на Управниот одбор се применуваат одредбите на член 15 став 6 од овој Статут.

Член 17

Со седниците на Управниот одбор претседава Претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство заменик претседателот на Управниот одбор.

Актите на Управниот одбор се носат со мнозинство гласови од присутните.

Член 18

Одлуките, решенијата и другите акти на Управниот одбор можат да бидат оспорени од секој член на Собранието доколку тие не се во согласност со законот или одредбите на овој Статут.

Оспорувањето на одлуките, решенијата и другите акти на Управниот одбор се врши во рок од 30 календарски дена од датумот на нивното донесување од страна на Управниот одбор.

Член 19

Членовите на Управниот одбор сносат колективна и солидарна одговорност за дејствијата и активностите на Управниот одбор.

***Комисии***

Член 21

Во Здружението може да се формираатни следниве комисии:

1) -Комисија за членство и номинација;
1)
2) -Комисија за едукација и сертификација; и
3) -Комисија за односи со јавноста, маркетинг, веб страна и публикации;

Управниот Одбор преку Комисијата за членство и номинација ќе одлучува за прием на нови членови. Дополнително, во случај кога е потребно да се разреши член на ЗВРСМ, Комисијата ќе даде предлог Одлука до Управниот Одбор и до Собрание.

Комисијата изготвува Правилник по кој ќе ги извршува своите активности.

Комисиите подготвуваат план за работа и извештаји од работењето до Управниот одбор и Собранието.

Управниот одбор има право да оформи и други комисии по потреба.

Управниот одбор ги формира комисиите и ги избира членовите на комисиите.

***Имот на Здружението***

Член 232

Имотот на Здружението се состои од правото на сопственост, правото на користење и другите права врз движните и недвижните средства, како и на правата од интелектуална сопственост, стекнати согласно позитивните законски прописи и одредбите на овој Статут.

***Извори на средства на Здружението***

Член 243

Извори на средства на Здружението се средствата од членарината, приходите остварени од активностите на Здружението предвидени со овој Статут, подароци, донации и спонзорства од физички и правни лица.

Секој член на Здружението е должен да плаќа годишна членарина, чија висина ја утврдува Собранието со посебен акт, најдоцна до 31 март28ми Февруар во тековната година. Начинот и правилата за плаќање на членарината ги утврдува Управниот одбор.

***Стопанска дејност***

Член 254

Здружението може да врши консултантска дејност, анализи на финансиските активности и врши обуки од областа на внатрешната ревизија и финансиската контрола, како во земјата така и во странство.

Приходите од својата стопанска дејност Здружението ќе ги користи единствено за постигнување на своите цели предвидени со овој Статут.

Здружението нема да извршува стопанска дејност која не е врзана со нејзиниот предмет на работа, назначен во овој Статут.

Извршувањето на активностите од став 1 на овој член е во согласност со позитивните законски прописи, подзаконските и други акти од оваа област.

***Начин на стекнување и располагање со средства***

Член 26~~5~~

Работата во органите на Здружението по правило е доброволна, а членовите на органите на Здружението можат да примаат надоместок на патни и дневни трошоци, како и надоместок за вршење на работи во органите на организацијата во согласност со закон.

Вработените во Здружението имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон и колективен договор.

***Трошење на средствата на Здружението***

Член 27~~6~~

Здружението своите средства ги троши при извршување на активностите за остварување на своите цели и задачи назначени во овој Статут.

Средствата на Здружението се трошат согласно буџетот за финансиската година, донесен од страна на Собранието на Здружението најдоцна до 31 декември претходната година.

Буџетот на Здружението не може да има дефицит.

Годишен финансиски извештај за работењето на Здружението во претходната финансиска година се изготвува најдоцна до 28 февруари тековната година.

***Евиденција на Здружението***

Член 28~~7~~

Здружението врши евиденција за записниците, одлуките, решенијата и другите акти донесени на седниците на Собранието, Управниот одбор, и Комисиите формирани со одлука на Управниот одбор.

Добиените подароци и донации се впишуваат во посебен регистар.

Здружението води и регистар на членови и евиденција на членовите во органите.

Податоците во овој регистар се ажурираат најмалку еднаш во 2 години.

Здружението гарантира анонимност на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

Податоците од параграф 4 на овој член се заштитено во согласност со прописите на заштита на личните податоци и класифицирани информации

***Начин на остварување на јавност и отчетност во работата***

Член 29~~8~~

Здружението на внатрешни ревизори на РСМ е должно на својата веб страница или на друг начин да ги објавува годишните~~, полугодишните и кварталните~~ извештаи за нејзиното работење.

Здружението на внатрешни ревизори на РСМ е должно да подготви годишен финансиски извештај, да го достави до надлежниот орган во согласност со закон и да го објави на својата веб страница или на друг соодветен начин да го направи достапен до јавноста.

Извештаите од ставовите 1 и 2 на овој член, Здружението е должно да ги објави најдоцна до 30 април за предходната година или 15 дена по истекот на кварталот/полугодието.

***Јавност и транспарентност***

Член 30~~29~~

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста на работењето на Здружението се остварува преку транспарентно објавување на статутот и другите акти на ЗВР~~Р~~СМ во согласност со статутот на Здружението.

Транспарентноста се огледа и во детален извештај за средствата потрошени од страна на УО или членовите (основ, износ, име на член).

***Трансформација***

Член 3~~0~~1

Здружението може да се трансформира во друго правно лице со непрофитна цел. Сите статусни промени се вршат во согласност со чл.59,60,61 и 62 од Законот за Здруженија и Фондации (Сл. Весник 55/2010).

***Престанок со работа***

Член 32~~1~~

Здружението престанува со работа:

The Institute of Internal Auditors North Macedonia

1. Со одлука на Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство од вкупното членство на Здружението.;
2. Со одлука на Судот надлежен за територијата каде се наоѓа седиштето на Здружението.

***Постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на организацијата***

Член 332

Во случај на престанок на работа на Здружението, паричните средства што остануваат по намирување на обврските ќе се предадат на Црвениот Крст на Република Северна Македонија, а литературата ќе се отстапи на Универзитетската Библиотека.

***Ликвидација***

Член 343

При ликвидација на Здружението се применуваат позитивните законски прописи од оваа област.

***Преодни и завршни одредби***

Член 354

Овој Статут е донесен со јавно гласање на Основачкото Собрание на Здружението на внатрешни ревизори на Македонија одржано на 6 Јуни 2008 година и дополнет на 15 Декември 2018, 9 Март 2019, и 26 Декември 2019 година и 21 Декември 2023 година.

Промените во овој статут во однос на неговото усогласување со Законот за Здруженија и фондации се усвоени со јавно гласање на Третото, Четвртото и Петтотото Собрание одржани на 5.03.2011, 14.05.2011 и 15.07.2011, соодветно.

Овој Статут стапува на сила од денот на неговото донесување.

Претседавач со Собранието
на Здружението на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија

The Institute of
**Internal Auditors**
North Macedonia

___________________

Скопје, ___21.12.2023